# Продажба на земјиште

# Земјиште Горно Теќе

- Локација:

  ул. Илинденска бр.228 Тетово
- Површина: 1.721м²
- Почетна цена: 7.343.560,50 денари.



# Забелешки

- Сето наведеното во огласот за продажба се купува по принципот **ВИДЕНО - КУПЕНО**, без право на дополнителни забелешки во поглед на квадратурата или други евентуални забелешки на недвижниот имот. Понудувачот има право на увид на документацијата која Банката ја поседува без право на барање на друга документација. Заинтересираните кои сакаат да ги разгледаат објектите и документацијата можат да се јават на назначениот телефон.
- Плаќањето при купопродажба може да се врши во денари и тоа - Во готово или со кредит одобрен од страна на банката.
- **Плаќањето треба да се регулира во рок од 15 (петнаесет) дена, сметајќи го и денот на известувањето дека е прифатена понудата.**
- Предност при купување ќе има понудувачот кој ќе понуди во готово. Настанатите трошоци како и сите други давачки околу продажбата, паѓаат на товар на купувачот.
- При плаќање со кредит - истиот се одобрува по претходна проверка за кредитната способност, согласно условите и критериумите на Банката и задолжително е сопствено учество од најмалку 20% од купопродажната цена, а кредитот да биде обезбеден. При земање на кредит рокот на неговата отплата е максимум 8 години. Банката ќе го задржи износот од 10% уплатен на име сопствено учество за купување на имотот доколку купувачот се откаже од купопродажбата. Понудувачот е должен во рок од 3 (три) работни дена од денот на известувањето дека понудата му е прифатена за купување на кредит, да ја поднесе целокупната потребна документација за кредит, во спротивно учеството му пропаѓа.

# Понуди

1. **Содржина на понудите:** Назив на понудувачот (назив, адреса, телефон, факс, е- маил), крајна цена изразена во денари и начин на плаќање.
2. **Начин и рок на доставување**

- Понудите да се достават во затворено плико со ознака **“ПОНУДА - НЕ ОТВАРАЈ”**
- Понудата да е потпишана од одговорно лице
- Понудите да се доставуваат преку пошта на адреса:

  **ТТК Банка АД Скопје** ул. Народен Фронт 19а, 1000 Скопје

  - за Дирекција за превземени средства или лично во Банката или во филијалите во Тетово или Битола.
- Банката има право на слободен избор на понудите.
- Дополнителни информации можат да се добијат на телефон 02/ 323-6468, 02/ 323-6469, 02/ 323-6470.